# Коментар за резултатите од работењето на Жито Лукс АД Скопје во периодот 01.01.2023 – 30.09.2023 година

Во првите девет месеци од 2023 година, Компанијата оствари Добивка пред оданочување во износ од 21 милион денари.

**<u>1 Вкупни приходи</u>**

*Приходите од продажба* се зголемени за 1%, при што приходите од продажба на домашен пазар бележат зголемување за 3%, додека приходите од продажба на странски пазар бележат намалување во споредба со истиот период од минатата година.

**<u>2 Вкупни расходи</u>**

*Трошоците на произведени производи* изнесуваат 611.513 илјади денари, што претставува намалување за 11% во споредба со истиот период претходната година. Намалувањето воглавно доаѓа од пониските цени на влезните инпути.

Административните трошоци се зголемени за 11%, додека трошоците за продажба и дистрибуција се зголемени за 2%, во однос на истиот период од минатата година.

**<u>3 Останати оперативни приходи и расходи</u>**

Останатите оперативни приходи во износ од 6.328 илјади денари се намалени за 56% во споредба со минатата година, додека останатите трошоци се зголемени поради еднократен ефект.

**<u>4 Кредитни задолжувања и финансиски расходи</u>**

Финансиските расходи се зголемени за 2% споредбено со истиот период од минатата година како резултат на повисоки каматни стапки.

**5 Идни аспекти**

Компанијата продолжува со напорите да ја одржи и зајакне лидерската позиција на пазарот.

Менаџментот е посветен на подобрување на производниот процес и зголемувањето на ефикасноста преку нови инвестиции во опрема, технологии и вработени. За оваа година, вкупните инвестиции ке надминат повеќе од 1,3 милиони евра.

Задоволување на потребите на нашите клиенти останува да биде наш главен приоритет, додека остануваме доследни и посветени на континуирано снабдување на пазарот со квалитетни производи.